Република Северна Македонија

**Министерство за правда**
**Управа за извршување на санкции**
**КПУ Затвор Битола**

Бр. 03-617/2
Битола 15.10.2021 година

Врз основа на член 31 од Закон за извршување на санкции („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.99/2019 и 220/2019), член 4 од Законот за заштита на укажувачи („Службен весник на Република Македонија" бр.196/15 и 35/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.257/20), член 2 став (1) и член 3 од Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр.46/2016) и член 2 од Правилникот за надворешно пријавување („Службен весник на Република Македонија" бр.46/2016), Директорот на Казнено поправна установа Затвор Битола донесе:

# РЕШЕНИЕ

## За назначување на лице за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоци од пријавите и обезбедување на заштита на личните и други податоци на укажувачите

1. Се назначува и овластува административниот службеник **Љубица Тарашовска**, вработена во **Казнено поправна установа КПУ Затвор Битола**, на работно место со звање **Раководител на одделение за финансиски прашања** за овластено лице за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и обезбедување заштита на личните и други податоци на укажувачите. Овластеното лице може да се контактира на адреса: **ул. „Девеани" бр.25 Битола, телефон (047)229-113 и емаил: kpubitola@gmail.com.**

2. Лицето овластено за прием на пријави од укажувачи е должно:
- Да постапува по пријавувањето со почитување на интерните процедури за прием на пријави од укажувачи;
- Да ги заштитува личните податоци на укажувачите, односно податоците кои можат да го откријат идентитетот на укажувачот кој бара да биде анонимен или пријавува доверливо, согласно со прописите за заштита на личните податоци;
- Да го информира укажувачот кој е познат за превземените мерки во врска со пријавата без одлагање, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на пријавата.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.
4. Решението да се објави на веб страната на Управа за извршување на санкциите и на огласна табла на Казнено поправна установа КПУ Затвор Битола.

***Образложение***

Согласно член 4 од Законот за заштита на укажувачи и член 2 став (1) и член 3 од Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор, како и член 2 од Правилникот за надворешно пријавување, Директорот на Казнено поправна установа КПУ Затвор Битола донесе Решение со кое определи овластено лице за прием на пријави од укажувачите кое согласно со одредбите од Законот за заштита на укажувачи,


Министерство за правда
Управа за извршување на санкции
КПУ Затвор Битола
Ул. „Девеани" бр. 25, Битола
Република Северна Македонија
+389 47 232381
e_mail: kpu_bitola@t.mk

како и процедурите утврдени со интерните процедури за прием на пријави од укажувачи; да постапува по пријавувањето со почитување на процедурите утврдени со интерните процедури за прием на пријави од укажувачи; да ги заштитува личните податоци на укажувачите, односно податоците кои можат да го откријат идентитетот на укажувачот кој бара да биде анонимен или пријавува доверливо, согласно со прописите за заштита на личните податоци; да го информира укажувачот кој е познат за превземаните мерки во врска со пријавата без одлагање, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот за пријавата.

Врз основа на горенаведеното, Директорот на Казнено поправна установа КПУ Затвор Битола, одлучува како во диспозитивот на ова Решение.

Упатсто за правно средство: Против ова решение може да се поднесе жалба до Агенција за администрација во рок од 15 дена од денот на приемот на истото.

ДОСТАВЕНО ДО:

- Овластено лице
- Веб страна на УИС
- Огласна табла на КПУ Затвор Битола
- Архива
- Државна комисија за спречување на корупција на РСМ

ДИРЕКТОР НА КПУ
ЗАТВОР БИТОЛА
Драган Крајовски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ЗАТВОР БИТОЛА
БИТОЛА


Министерство за правда
Управа за извршување на санкции
КПУ Затвор Битола

Ул. „Девеани“ бр. 25, Битола
Република Северна Македонија

+389 47 232381
e_mail: kpu_bitola@t.mk